Врз основа на член 22 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 52 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр.84/08) и членот 14 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на Седницата одржана на 12.11. 2015 година донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за реализација на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на градот Крива Паланка за 2016 година**

Општина Крива Паланка има изработено Елаборат за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на град Крива Паланка, а подоцна се изработи и Елаборат за измена и дополнување на елеборатот за режим на сообраќај во поширокото централно подрачје на град Крива Паланка.

Заради потребите на градот и за поголема безбедност на сообраќајот, но и поради потребите и проблемите на градот за негово сообраќајно уредување, Општина Крива Паланка во фаза е на изработување на Основен сообраќаен проект за режим на сообраќај.

Во Програма за 2016 година се предвидува усвојување и реализација на Основниот сообраќаен проект за режим на сообраќајот. Реализацијата на Основниот сообраќаен проект за режим на сообраќајот поделена во фази кои би се изведувале спрема приливот на средства и тоа:

1. Првата фаза е поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација на улицата Св. Јоаким Осоговски од раскрсница кај „Станицата за технички преглед“ до раскрсница кај мотел „Македонија“;
2. Втората фаза поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација на останатите улиците во централното градско подрачје;
3. Трета фаза поставување на табли за име на улици и табли за нумерирање на објекти со броеви од централното градско подрачје кон периферијата;
4. Четврта фаза е уредување на паркинг простори кои се предвидени со Основниот сообраќаен проект;

**За реализација на оваа програма финансиската вредност на предвидените работи изнесуваат:**

| | |
|---|---|
| Прва фаза | 450 000,00 ден |
| Втора фаза | 880 000,00 ден |
| Трета фаза | 620 000,00 ден |
| Четврта фаза | 500 000,00 ден |
| **Вкупно** | **2 450 000,00 ден** |

**Извори на финансирање:**

1. Средства од Буџетот на општината Крива Паланка ________1 000 000,00 ден

2. Средства од донации ( Агенција за државни патишта, Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и други донатори_____1 450 000,00 ден

**Вкупно 2 450 000,00 ден.**

**Бр.09-2975/33**
**12.11.2015 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**М.р.Борче Стојчевски**